**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1702-34/10 од 24.1.2014 год. донесена на 71. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 22.1.2014 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања од наставно-научната област финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија” и „Коха“, на 25.12.2013 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Ристо Фотов, вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Ристо Фотов** е роден е на 25 март 1952 година во село Балталија, Штипско. Основно образование завршува во с. Лесковица, Штипско, а средно образование во Штип. Во 1975 година дипломира на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Од јануари 1976 година се вработува во ЗОИЛ „Македонија”, денес „Осигурување Македонија” - Скопје. Истата година се запишува на постдипломскиот студии од областа монетарно-кредитна теорија и политика, каде што магистрира на тема „Презадолженоста на земјите во развој и патиштa за нејзино разрешување” на 8 јануари 1982 година, со што се стекнува со научен степен магистер по економски науки од областа на монетарно-кредитна теорија и политика. Во 1987 година пријавува тези за изработка на докторска дисертација под менторство на проф. д-р Тодор Тодоров. На 17 јуни 1991 година ја одбранува докторската дисертација на тема „Земјите во развој во неоколонијалниот систем на светското стопанство - положба, фактори и перспективи”, со што се стекнува со научен степен доктор по економски науки. Во 1995 и 1996 година посетува предавања од областа на подготвување, издавање и тргување со хартии од вредност, како и совладување на вештините на техничката анализа во тргувањето со хартии од вредност и вештините на управување со портфолија на финансиските имоти и се стекнува со диплома за совладани знаења и вештини од наведената област. Извесен период работи и како брокер на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност. Во периодот од 1 јули 2003 година до 1 октомври 2005 година е извршен директор во компанијата за осигурување „Макошпед осигурување“ - Скопје. Од 1 октомври 2005 година е избран за доцент на Факултетот за економски науки при Европски универзитет Република Македонија – Скопје. Од 1 јули 2007 година е избран во редовен работен однос на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, за предметот Основи на финансии. Во летниот семестар од 2008 година држи настава по предметот Менаџмент на осигурување на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Во 2009 година е избран во вонреден професор за наставно-научната област финансии („Универзитетски билтен“ бр. 24, 1 јули 2009 година). Од странски јазици го користи англискиот јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од 14 септември 2005 година е избран за доцент на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет Република Македонија - Скопје, за предметот Финансиски менаџмент. Покрај овој предмет, му се доверуваат и предметите Осигурување и Менаџмент на мал бизнис. Од 1 јули 2007 година е во редовен работен однос на Економскиот факултет

при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. На овој факултет реализира настава по предметите: Основи на финансии, Финансиски менаџмент, Осигурување, Меѓународен монетарен и трговски систем, Меѓународна економија, Меѓународни финансии и Биланс на плаќања. Од 10 септември 2007 година е в.д. декан на овој факултет, а од 20 ноември 2008 година е избран за декан на истиот факултет.

***Д-р Ристо Фотов покажува завиден интерес за научната и стручната работа. Тоа јасно се гледа од списокот на приложени трудови:***

1. Д-р Ристо Фотов: Осигурување (учебник), издание на Европски универзитет - Скопје, стр.302, 2006 година, ISBN 9989-184-13-5;
2. Д-р Ристо Фотов: Менаџмент на мал бизнис (учебник), издание на Европски универзитет - Скопје, стр. 249, 2006 година, ISBN 9989-184-14-3;
3. Д-р Ристо Фотов: Основи на финансии (учебник), издание на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, стр.342, 2007 година, ISBN 978-9989-2766-1-3;
4. Д-р Ристо Фотов: Меѓународна економија (учебник), издание на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, стр.272, 2008 година, ISBN 978-608-4504-00-9;
5. Д-р Ристо Фотов: Финансиски менаџмент (учебник) издание на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, стр.440, 2010 година, ISBN 978-608-4504-27-6;
6. Д-р Ристо Фотов: Меѓународни финансии (учебник) издание на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, стр.440, 2010 година, ISBN 978-9989-57-699-7;
7. Д-р Ристо Фотов: Биланс на плаќања (учебник) електронско издание на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, стр.292, 2012 година, Универзитет „Гоце Делчев", Штип. ISBN 978-608-4504-70-2;
8. Д-р Ристо Фотов: Основи на финансии, второ изменето и дополнето издание (учебник), електронско издание на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, стр. 495, 2013 година, ISBN 978-608-4504-85-6;
9. Д-р Ристо Фотов и м-р Катерина Фотова: Осигурување, второ изменето и дополнето издание (учебник), електронско издание на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, стр. 430, 2013 година;
10. Д-р Ристо Фотов, д-р Толе Белчев, м-р Катерина Фотова, м-р Емилија Митева-Кацарски и м-р Елена Веселинова: Економско-финансиски лексикон, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, стр.1412, 2013 година, ISBN 978-608-4708-42-1;
11. Д-р Ристо Фотов и м-р Влатко Пачешкоски: Феноменот на финансиска криза и импликациите врз светската економија, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2013 год., стр.134, Монографија, ISBN 978-608-4708-37-7;
12. Д-р Ристо Фотов (2007): Економски аспекти на осигурувањето, Прва меѓународна конференција за осигурување, царина и шпедиција во 21 век: „Современи тенденции во осигурувањето, царината и шпедицијата во 21 век[2] во организација на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид, одржана на 25 и 26 мај 2007 година во х. „Гранит" - Охрид, стр.18;
13. Д-р Ристо Фотов, во коавторство со помл. асистент Марија Гогова (2008): "Regulation and modernization of the Financial Markets", Зборник на трудови од Юбилейна международна научнопрактическа конференция, 6-7 ноември 2008, на стопанска академия "Д.А.Ценов" Свиштов-Бугарија, стр.102-108, 2008 година;
14. Д-р Ристо Фотов, во коавторство со помл. асистент Емилија Митева (2008): "Economic Freedom as a Development Resourse", Зборник на трудови од Юбилейна международна научнопрактическа конференция, 6-7 ноември 2008, на стопанска академия "Д.А.Ценов" Свиштов-Бугарија: стр.141-147, 2008 година;
15. Д-р Ристо Фотов: Одржлив развој-императив на современиот свет, Годишен зборник на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2009 година, стр.7-17;
16. Д-р Ристо Фотов: Анатомија на финансиската и економската криза во светот, Годишен зборник на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2009 година, стр.18-24;

17. Д-р Ристо Фотов: Глобалната финансиска криза и нејзините последици врз светската економија, Годишен зборник на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2010 година, стр.17-26;
18. Д-р Ристо Фотов во коавторство: Глобалната криза и процесот на глобализација, Варна, Бугарија, 2010 година;
19. Д-р Ристо Фотов коавторство: Интелектуалниот капитал и новата економија, Свиштов, Бугарија, 2011 година;
20. Д-р Ристо Фотов во коавторство: Регулација на комерцијалните банки - осврт на регулацијата на комерцијалните банки во Република Македонија, Зборник на трудови, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2011 година;
21. Д-р Ристо Фотов во коавторство: Correlation dependence between consumer needs and profit making agribusiness, Stara Zagora, Bulgaia, 2011;
22. Д-р Ристо Фотов во коавторство: Quality function and quality manager, Plovidv, Bulgaria, 2011;
23. Ph.D Risto Fotov во коавторство: Economic freedom as a development resource, Varna, Bulgaria, 2011;
24. Д-р Ристо Фотов во коавторство: Знаењето како најважен претприменички ресурс, Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2012 година;
25. Д-р Ристо Фотов во коавторство: Странските директни инвестиции акцелератор на стопанскиот развој, Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2012 година;
26. Д-р Ристо Фотов и д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска: Конвергенција на финансиското известување во услови на глобализацијата и кризите како феномени на современиот развој, Симпозиум на Сојуз на сметководители на Македонија, Струга, 2012 година;
27. Д-р Ристо Фотов: Економско-финансиските аспекти на процесот на глобализацијата, меѓународна конференција во организација на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2012 година;
28. Д-р Ристо Фотов во коавторство: Анализа на актуелните аспекти на трудот и неговата хуманизација, меѓународна конференција, Прв приватен Универзитет - Европски универзитет - Скопје, 2013 година;
29. Д-р Ристо Фотов: Улогата и значењето на капиталот и економскиот развој со посебен осврт врз земјите во развој, зборник на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, е-издание, 2012 година;
30. Д-р Ристо Фотов во коавторство: Population growth and economic growth: empirical estimation for a sample of Balkan countries, In: XVIII Naucni skup: Regionalni razvoj i demografski tokovi zemalja Jugoistocne Evrope, 21 June 2013, Nis, Serbia;
31. Д-р Ристо Фотов во коавторство: “Life expectancy in the Republic of Macedonia and the EU countries and its correlative dependency with GDP per capita” Univerzitet u Nišu, Ekonomski fakultet, Niš, 21.jun 2013, XVIII Naučni skup REGIONALNI RAZVOJ I DEMOGRAFSKI TOKOVI ZEMALJA JUGOISTOČNE EVROPE (UDC 330.556 (497.7) ISBN: 978-86-6139-067-8, Меѓународна конференција во организација на Економски факултет - Ниш, Србија, 2013 година;
32. Д-р Ристо Фотов во коавторство: Macroeconomic challenges and experiences on the road to EU, In: Restructuring the economies: realities and perspectives given the current economic crises, 08-09 Nov 2013, Alba Lulia, Romania, 2013;
33. Д-р Ристо Фотов во коавтортсво: Улогата на комерцијалните банки на финансиските пазари, зборник на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, е-издание, 2013 година;
34. Д-р Ристо Фотов во коавтросто: Подобрување на деловното одлучување преку ефикасно финансиско известување, Зборник на трудови - Економско-финансиската криза и сметководственото опкружување - предизвици за сметководството, ревизијата и финансиите и позиционирањето на сметководствената професија; pp. 53-71, 2013 година, ISSN 978-9989-747-32-8;
35. Д-р Ристо Фотов во коавторство: Ефектите од глобализацијата на светот што се менува, Промените во глобалното општество, Трета меѓународна научна конференција. 2013, ISSN 978-608-4574-58-3,

36. Д-р Ристо Фотов во коавторство: Gravity modeling: International trade and R&D, International Journal of Business Management and Administration, 2 (5). 073-080. 2013, ISSN 2327-3100;
37. Д-р Ристо Фотов во коавторство: Implementing teamwork for quality in agribusiness. International scientific on-line journal "Science & Technologies", 3 (6). pp. 1-4. 2013, ISSN 1314-4111.

**Евалуација на трудот под реден број 1 - *Осигурување* (учебник), издание на Европски универзитет - Скопје, стр. 302, 2006 година**

Овој труд е резултат на желбата на авторот да ги преточи, презентира долгогодишното практично искуство и теоретското сознание од областа на осигурувањето во текст и да ги направи достапни за студентите на економските факултети и пошироко на сите кои најнепосредно работат во осигурителните друштва во Република Македонија.

Осигурувањето станува сè повеќе барана услуга во современиот свет за обезбедување на економска сигурност од несреќите што ги причинува екстремното влијание на природните сили во форма на природни непогоди со огромни штетни последици врз имотот и телесниот интегритет на човекот. Логиката на осигурувањето и осигурителниот процес се сфаќа во директна врска со економската, правната и техничката основа на осигурувањето.

Концепцискиот приод на излагање на материјата во овој труд го претпочитува редоследот на одвивањето на осигурителната технологија на активности во практиката, притоа елаборирајќи ги доволно и објаснувајќи ги прашањата поврзани непосредно со осигурувањето како и менаџирањето со ризикот и средствата во функција на постигнување на временска компензација на ризикот, преку комбинирање помеѓу потребната тековна ликвидност неопходна за тековно сервисирање на обврските спрема осигурениците, како и соодветно користење на слободните средства во функција на остварување на добивка. Трудот ги разгледува апликативните аспекти на осигурувањето, аспектите на надоместокот на штети, функциите на осигурувањето и реосигурувањето, финансиско-мобилизаторската функција, социјалната функција, аспектите на видовите на осигурување, неживотни осигурувања, осигурувања на лица. Посебен простор им е посветен на средствата на осигурување, видовите на договорите за реосигурување како битен елемент во управувањето со ризиците и постигнување на поголема просторна и временска дисперзија на ризиците, кои осигурителот ги има во својот портфел, со што ја зголемува сигурноста на осигурителот, но во исто време и на осигурените. Трудот претставува реткост од аспект на фактот што нуди целосна заокруженост на осигурувањето, како од аспект на тоа што значи аквизиција (разгледување на условите и примената на тарифите за осигурување по одделни класи на осигурување), преку процената и ликвидација на штети до соосигурувањето и реосигурувањето и управувањето со ризици, како и пласманите на формираните слободни средства.

**Евалуација на трудот под реден број 2 - *Менаџмент на мал бизнис* (учебник)**

Во овој труд авторот го разработува прашањето на менаџментот на мал бизнис како дисциплина и филозофија на пазарно работење, но и како процес што овозможува ефикасно и ефективно планирање и организирање на пазарното функционирање на малиот бизнис. Во трудот се разработуваат прашања поврзани со почнување односно стартување и деловно функционирање, раст и развој на малиот бизнис, како и проблемите, заканите и замките што го попречуваат развојот на малиот бизнис и предлози за решавање или барем ублажување на проблемите со коишто се судрува малиот бизнис, како и мотивирањето на извршителите на задачите и контрола и корекција на извршувањето на работите. Во трудот се нагласуваат карактеристиките на менаџментот на малиот бизнис, се потенцираат специфичностите и примената на соодветни техники и механизми за успешен настап на пазарот и водење на постојана конкурентска борба за остварување на што поголем успех, односно привлекување на поголем број потрошувачи, сето тоа направено со остварување на што поголем профит. Авторот нагласува дека водењето на успешен мал бизнис подразбира сопственикот - претприемач да располага со соодветни информации и сознанија за окружувањето, во кое делува сопствениот бизнис, врз основа на што ќе

донесува деловни одлуки. Претприемачките стратегии и вештини претставуваат значајни алатки, за сопственикот-претприемач, во водењето и развојот на малиот бизнис. Во овој труд посебно место му е посветено на претприемништвото. За улогата и значењето на малиот бизнис за секоја национална економија, како и општествената одговорност што малиот бизнис ја носи со деловното однесување и остварување на планските задачи и организациските цели, исто така, се посветува соодветен простор.

Трудот претставува, според содржината и начинот на разработка, дело во кое на оригинален начин се претставува можноста, со примена на менаџмент на мал бизнис да се постигне поголема ефикасност од работењето на се поконкурентниот пазар, со што ќе обезбеди сигурна основа за раст и развој.

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, присутни се аналитичкиот пристап, квалитативната и квантитативната анализа и научната проценка.

**Евалуација на трудот под реден број 3 -** ***Основи на финансии*** **(учебник), 2007**

Трудот како предложен ракопис ја опфаќа во целост наставната материја за предметот Основи на финансии, кој се изучува во првиот семестар, прва година, на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и ја покрива наставата со фонд на часови што е предвидена со наставната програма. Презентираниот труд разработува прашања за основите на финансиите (дефиниција, поим и предмет на изучување). Во поглед на содржината и композицијата на презентирање на материјата што ја обработува авторот на мошне успешен начин и со искуство на зрел научник ги поставува и разработува прашањата поврзани за финансиите. Треба да се каже дека авторот ја нагласува непосредната поврзаност на финансиите за парите и паричните плаќања наспроти натуралните плаќања, кои беа присутни во периодот на функционирањето на примитивните форми на пари. Несомнено со тоа сака да укаже на фактот дека финансиите ќе постојат секаде каде што постојат парите. Од друга страна се наметнува непобитен заклучок дека каде што има стоковно производство и делување на Законот на вредноста изразен во пари ќе има и финансии. Недвосмислено, тоа упатува на фактот дека природата на финансиите е парична, односно монетарна. Во елаборациите што ги презентира во трудот авторот на почеток се задржува на историско-еволутивниот развој на финансиите. Притоа се наведува дека како најзаслужен за издвојувањето на финансиите во посебна научна дисциплина се смета Карл Хеирих ванРеј, кој прв почнал да го користи називот за финансии *основи на финансиската наука*. Секако дека значаен придонес во „зацврстувањето на позициите" на финансиите како посебна научна дисциплина има дадено англискиот економист Џон Мајнард Кејнс, нанесувајќи го првиот сериозен удар и продор во дотогашниот стерилен правец во развојот на науката за финансии. Несомнен е придонесот на Кејнс во обликувањето на финансиите, како посебна научна дисциплина, и истиот се состои во тоа што финансиите примаат облик на економски функции (алокативна, редистрибутивна, стабилизациона, развојна). Во однос на натамошното обликување и збогатување на содржината на финансиите како научна дисциплина, значен придонес имаат, како што нагласува авторот на трудот, Кејнсовите наследници Хансен и Самуелсон. Во оваа пригода треба да се наведе и заслугата на двајца Американци (Аба Лернер и А. Хансен) кои во разработката и обликувањето на финансиите како научна дисциплина за првпат користат односно внесуваат математички методи. За Лернер се вели дека е прв кој го вовел називот *функционални финансии*. Треба да се потенцира фактот дека Лернеровата интерпретација на функционални финансии служи за означување на употребата на јавниот долг во антирецесивни цели, со цел во подоцнежните фази од неговото творештво функционалните финансии да добијат значително пошироко значење. Во своите елаборации во трудот „Основи на финансии" авторот предочува дека финансиите во полн облик, како заокружена научна дисциплина, непобитно потврдува дека настануваат со појавата и развојот на стоковното производство и влијанието на Законот на вредноста, односно постоењето на парите како општ еквивалент според општопознатиот образец П-С-$П_1$, односно С-П-$С_1$ или проширениот облик на односот на факторите на репродукцијата. Со тоа парите, како што нагласува авторот, не се јавуваат само како чисто финансиски феномен, туку и како сосема определен општествен однос. Авторот се осврнува и на третманот на современата теорија кон финансиите, при што наведува

дека финансиите ги опфаќаат сите парични, односно финансиски односи што во себе ги вклучуваат особено следните најтесно поврзани подрачја:

1. Монетарни финансии (пари, кредит, банки, берзи и др.) на што почиваат најголем дел од финансиите;
2. Јавни или општествени финансии (прибирање и трошење на општествените средства за финансирање на јавните потреби во општеството);
3. Меѓународни финансии, како посебен дел, и покрај тоа што некои автори ги сместуваат во монетарните финансии, но имајќи ја предвид специфичноста на проблематиката што ја третира, поадекватно е да се издвои во посебно подрачје од науката за финансии.

Според тоа, како што наведува авторот, финансиите како научна дисциплина се занимаваат со сите прашања кои се врзани за проблемите со парите, за нивно креирање, за тековите, за поништувањето, за бројни и сложени дејствувања во стопанството, за тековите на доходот воопшто, пред сè, за неговата распределба, прераспределба, облиците, инструментите и субјектите на неговото трошење итн. Во дефинирањето на предметот на науката за финансии авторот наведува дека финансиите како поим претставуваат парична страна на секоја стопанска работа и парична страна на сите текови на националното стопанство, па во таа смисла авторот како предмет на изучување на науката за финансии ги дава следните подрачја:

1. паричните плаќања;
2. кредитните односи;
3. политика на прибирање и вложување на паричните средства;
4. емисија на пари;
5. монетарно-кредитна и девизна политика;
6. јавни(фискална) финансии;
7. финансиска политика  и планирање на паричните текови;
8. организација и активност на банкарското работење;
9. финансиско осигурување итн.

Анализирајќи ја релацијата финансиска економија и национален доход, во трудот се констатира дека финансиите од една страна ги претставуваат материјалните односи и текови во стопанството и репродукцијата, а од друга страна паричните односи и текови што материјалните средства ги добиваат во тековите на репродукцијата, односно покажувајќи и потврдувајќи дека паричната страна на репродукцијата претставува само втората страна на нејзината материјална основа и материјални биланси. Тоа покажува дека и двете страни претставуваат дијалектичка целина што произлегува од општествено-економските односи и развојот на стопанството на одредено општество. Авторот го потенцира фактот дека современите функционални финансии наспроти класичните неутрални финансии на парите им припишува активен однос и карактер врз репродукциските текови, што е резултат на трансформацијата на местото и улогата на политичките институции, пред сè, на државата во економскиот живот. Со заговарањето на државниот интервенционизам доаѓа до низа нови и проширувања на постојните облици на расходи, односно дека државата се претвора во одлучувачки фактор во регулирањето на стопанството „не само со својот систем на приходи, односно со одземање од стопанството, туку и со своите расходи односно со давање на стопанството".

Авторот во трудот „Основи на финансии", во композицијата на тематската обработка на материјата приоѓа кон презентирање на финансискиот систем и неговите елементи. Овде авторот прави успешен обид да го запознае читателот со содржината на финансискиот систем, односно претставувајќи ги потсистемите што го сочинуваат финансискиот систем. Во таа смисла го разработува секој потсистем одделно, давајќи ги неопходните објаснувања за секој од нив, како и за финансиските текови и финансиските механизми, финансиските институции и финансиските инструменти, притоа разработувајќи ги финансиските институции секоја посебно во обем кој е неопходно да се сфати суштината на секоја од нив поединечно (пазар на пари, пазар на капитал, девизен пазар, девизни берзи). Авторот посветува простор за елаборирање на пазарните инструменти и финансиските деривати

како значен материјал за тргување на финансиските пазари. Овде се разработуваат финансиските инструменти: акции, обврзници, цесии, асигнација, компензација, фјучерси, опции, форворди, како и други финансиски инструменти што современата практика на тргување на финансиските пазари ги познава. Се разработуваат во обем кој е потребен за нивно објаснување, и се дадени одредени примери за пресметување на нивните значајни елементи (принос и цени). Во трудот доволен простор се посветува и на монетарните стратегии, како можност за одржување на монетарната стабилност во националната економија. На парите како најликвидно средство во трудот им се посветува, исто така, доволно внимание и солидна елаборација, третирајќи ги прашањата на потребата од нивна појава и причините кои ја детерминирале нивната појава, прашањата на еволуцијата на паричните облици и прашањата на понудата и побарувачката на парите и факторите што ги детерминираат нив.

Оригиналноста на трудот со проценка за придонесот врз развојот на научната мисла: Трудот претставува, според содржината и начинот на разработката, дело во кое на оригинален начин се разработуваат примери, прашања и решенија со чијашто примена овозможува постигнување на поголема ефикасност и ефективност во областа на финансиските односи и релации.

Други трудови за ист или сроден предмет со компонирање оценка за квалитетот на трудот: Кај нас до сега се презентирани трудови од областа на финансиите, но основите на финансии од кои треба да се стекнат основните знаења не се разработени на ваков начин. Трудот претставува научен материјал со висок квалитет, што може да го користат студентите и сите кои работат на раководни функции, особено во финансиската дејност во сите компании, било да се мали, средни или големи, при донесување на деловни одлуки.

Соодветност на применетата методологија: Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачка работа, присутни се аналитичкиот пристап, квалитативната и квантитативната анализа и научната проценка.

Научна заснованост на експликацијата на заклучоците: Заклучоците наведени во трудот се резултат на методологијата на научното истражување.

Стручна композиција на трудот: Трудот е систематски и логички подреден во две глави. Првата глава е претставена со 3 дела, додека втората глава има 16 дела. Во нив се обработуваат: поимот и предметот на основите на финансии со прилично аналитичко елаборирање на: финансиите, дефиниција и предмет на нивното изучување, основа и природа на финансиите, финансиски систем и негови елементи, финансиски текови и финансиски механизам, финансиски институции и финансиски инструменти, класификација на финансискиот систем, монетарно-кредитен систем, банкарски систем, фискален систем, деловно-финансиски систем, осигурување, поим и начела, систем на финансиски пазари, инструменти и механизам на пазарот на пари, видови краткорочни хартии од вредност, пазар на капитал, девизен пазар и пазар на финансиски деривати, девизни берзи пазар на финансиски деривати, пари, поим, појава, појавни облици и функции на парите, пораст на вредноста на парите – дефлација, опаѓање на вредноста на парите – инфлација, монетарна стабилност, монетарен мултипликатор и кредитна мултипликација, стратегии на управување со монетарната понуда, монетарни агрегати, примарни пари, мултипликација на парите и монетарна политика, монетарно-кредитна политика итн.

Претпоставен интерес на научната и другата јавност за која е наменет трудот: Како нов труд од ваков вид кај нас, истиот ќе предизвика интерес кај сите оние што се занимаваат со проблематиката на финансиите, но не само како литература за изучување на истоимениот предмет, туку и пошироко, особено од корист ќе им биде на оние кои секојдневно работата на разни задачи од финансиската дејност.

Во трудот се нагласува дека со основите на финансии се даваат можности за стекнување пошироки знаења од финансиската теорија и практика, што во одредени моменти ќе им биде од корист на сите кои работат во финансиската дејност.

Трудот ја разработува проблематиката на финансиите и тоа основите, со што нуди решенија за обезбедување ефикасно справување со тековните финансиски проблеми, како и нудење на соодветно решение за оптимална деловна одлука што треба да се донесе од страна на финансиските менаџери.

**Евалуација на трудот под реден број 4 - *Меѓународна економија* (учебник) 2008 стр. 272**

Презентираниот труд разработува прашања кои се однесуваат на меѓународна економија (објаснувајќи го поимот за меѓународната економија - меѓународна трговија и трговски систем и меѓународни финансии), разработувајќи ги поединечно теориите на меѓународната трговија. Заедничко на теориите за меѓународната трговија е во нивното настојување да дадат објаснување зошто одделните нации тргуваат помеѓу себе, односно да се даде одговор на прашањата што го определува обемот, структурата и правците на меѓународните трговски текови. Секоја од нив има свои аргументи за користите од меѓународната трговија за националните економии.

Меѓународната економија ги проучува меѓународните економски трансакции кои во себе ги вклучуваат меѓународната трговија и меѓународните финансии. Авторот успешно ги поставува и разработува прашањата врзани за меѓународната трговија. Во трудот, авторот се задржува на меркантилизмот како правец во развојот на економската мисла, кој доминирал повеќе од два века, почнувајќи од 15 до 17, па и до 18 век. Авторот нагласува дека основата на меркантилистичкото учење е што тој смета дека изворот на материјалното богатство во светот се наоѓа во трговијата, особено во меѓународната. Интересно е да се истакне дека меркантилизмот се развил во времето кога европската економија била во транзиција. Меркантилистите сметале дека благосостојбата на една национална економија зависи од количеството благородни метали, особено златото, со кои таа располага. Ако земјата не располага со наоѓалишта на благородни метали на својата територија, тогаш таа ќе може да го зголеми своето национално богатство само доколку го поттикнува извозот и, едновремено, го ограничува увозот на стоки и услуги. Авторот во трудот продолжува со елаборации на теоријата на апсолутните предности на Адам Смит и теоријата на компаративните предности на Давид Рикардо, со кои дефинитивно им се задава сериозен удар на ставовите на меркантилизмот. Теоријата на апсолутните предности претставува практично прва направена критика на меркантилизмот и меркантилистичката филозофија. Според неа, некоја земја има апсолутна предност во производството на некое добро ако за неговото производство троши помалку труд. Ставајќи ја поделбата на трудот како првостепен фактор во зголемувањето на националното богатство, Смит наведува дека количеството на годишни производи на еден народ зависи од два фактора: од количеството на труд, ангажиран во производството и од продуктивноста на трудот.

Во натамошните елаборации авторот се задржува на разгледување и

објаснување на теориите на меѓународната трговија како Маршалијнска или Кембрицска школа, потоа теоријата на Џон Мејнард Кејнз, кејнзијанизмот и монетаризмот, неокласична синтеза - Самуелсон, Хекшлер-Олинова теорија.

Во трудот „Меѓународна економија“ авторот ги потенцира причините што ја детерминираат меѓународната трговија: разликите во условите на производство, потребата од искористување на економијата на обемот и појавата на опаѓачките трошоци и заради разликите во преференциите на потрошувачите.

Приличен простор се посветува на меѓународната трговска политика: интервенционизмот, стратешка трговска политика на развиените земји, политика на увозна супституција наспроти политика на извозна експанзија, аргументи за и против слободна трговија. Соодветен простор им се посветува на карактеристиките на економските текови во меѓународната економија: меѓународна размена на стоки, услуги, трансфер на технологија и меѓународно движење на работната сила. Неизбежно е третирањето на меѓународниот монетарен систем, меѓународните финансии, билансот на плаќањата: поим и структура на билансот на плаќањата, теории за урамнотежување на билансот на плаќањата, методите и политиката на урамнотежување на билансот на плаќањата. Прашањата на девизи, девизен курс и девизен пазар; меѓународен монетарен систем; меѓународен пазар на капитал и елементите на современата глобализација во меѓународната економија.

Оригиналност на трудот со проценка за придонесот врз развојот на научната мисла: Трудот претставува, според содржината и начинот на разработката, дело во кое на оригинален начин се разработуваат примери, прашања и решенија со чијашто примена овозможува постигнување на поголема ефикасност и ефективност во одвивањето на меѓународните економски текови.

Други трудови за ист или сроден предмет со компонирање оценка за квалитетот на трудот: Кај нас има презентирани трудови од областа на меѓународна економија, но овој труд, според начинот на разработка и презентирање на содржината е различен и оригинален. Трудот претставува научен материјал со висок квалитет кој може да го користат студентите и сите кои работат на проблематика што е блиска со меѓународната економија.

Соодветност на применетата методологија: Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, присутен е аналитичкиот пристап, квалитативната и квантитативната анализа и научната проценка.

Научна заснованост на експликацијата на заклучоците: Заклучоците наведени во трудот се резултат на методологијата на научното истражување.

Стручна композиција на трудот: Трудот е систематски и логички подреден во осум глави. Во првата глава е претставена економската мисла и меѓународната трговија, во втората глава е посветена на поимот, развојот и разликите помеѓу внатрешна и надворешна трговија, на современите текови во меѓународната трговија  е посветена третата глава. Четвртата глава разработува: девизи, девизен курс и девизен пазар, за да следи третирањето на меѓународниот монетарен систем. Во шестата глава на трудот се разработува билансот на плаќањата (поим, дефиниција, концепти и значење), притоа не оставајќи ги на страна теориите на приспособување на билансот на плаќањата и сл. Седмата глава авторот ја посветува на меѓународниот пазар на капитал. Притоа  посветувајќи соодветен простор за објаснување на поимот што претставува меѓународен пазар на капитал, сегменти на меѓународниот пазар на капитал, меѓубанкарски пазар на капитал и на депозити, меѓубанкарски пазар на доверителски хартии од вредност,меѓубанкарски пазар на сопствени хартии од вредност,проблемот на задолженоста на помалку развиените земји. Конечно, осмата глава од трудот меѓународна економија, кој е предмет на рецензија, е посветена на елементите на современата глобализација во меѓународната економија

Како нов труд од ваков вид кај нас, истиот ќе предизвика интерес кај сите што се занимаваат со проблематиката на меѓународна економија, но не само како литература за изучување на истоимениот предмет, туку и пошироко.

Во трудот се нагласува дека со сознанијата од меѓународна економија се даваат можности за стекнување пошироки знаења од меѓународните економски текови што во одредени моменти ќе им бидат од корист на сите кои работат во соодветни работни ангажмани и бараат солидни и продлабочени познавања од меѓународните економски односи.

Трудот ја разработува проблематиката на меѓународна економија, нудејќи неопходни сознанија од наведената област за студентите кои ја изучуваат оваа проблематика по истиот предмет, но и за пошироката јавност која има потреба од збогатување на сознанијата од областа на меѓународна економија.

**Евалуација на трудот под реден број 5 - *Финансиски менаџмент* (учебник) 2010, стр. 440**

Трудот е систематски и логички подреден во осумнаесет глави. Во првата глава се разгледува поимот за финансискиот менаџмент, во чиишто рамки се разработуваат прашањата: финансиските цели на претпријатието, меѓу кои главната цел се состои во зголемување на профитот, што остварува акционерските тежненија за себе да обезбедат максимална економска корист преку работење на претпријатието. Во акционерските друштва таа цел се остварува преку создавање на вредност на акционерите. Таа вредност се искажува со пазарната вредност на акцијата на претпријатието, што е резултат на три главни одлуки: а) одлука за инвестирање (вложување); б) одлука за финансирање и в) одлука за дивиденда и задржана добивка. Успехот на овие одлуки може да се измери преку ефектот што тие одлуки го имаат на акцијата. Втората глава го третира финансиското планирање со принципите на финансиското планирање меѓу кои се потенцираат следните: принцип на систематичност, принцип на јасност, принцип на потполност,  принцип на еластичност, принцип на временска точност и  принцип на точност на износите. Третата глава е посветена на финансиските извештаи во кои се даваат информации за финансиската состојба, успешноста и промените во финансиската состојба на фирмата. Заради што

финансиските извештаи мора да обезбедуваат информации за следниве аспекти на резултатите на претпријатијата: средства, обврски, капитал, приходи и расходи (вклучувајќи ги добивките и загубите) и готовински текови.Комплетниот сет на финансиски извештаи ги вклучува во себе следниве составни компоненти: биланс на состојба, биланс на успех, извештајот за готовински тек, извештајот за промените на капиталот и напомени што ги следат финансиските извештаи. Во четвртата глава се третира финансиската анализа што претставува начин на собирање и користење на информации од финансиски карактер, со цел да се: оценува тековната финансиска состојба на претпријатието; оценува можното и целисходно темпо на развој на претпријатието од позиција на нејзино финансиско обезбедување; прогнозира перспективно финансиската состојба на претпријатието; откријат достапни извори на средства и да се оцени можноста и целисходноста на нивната мобилизација; прогнозира положбата на претпријатието на пазарот на капитал и др. Кога се зборува за финансиската анализа треба да се нагласи дека постојат две фази на анализа, и тоа: а) експрес-анализа на финансиската состојба и б) детална анализа на финансиската состојба. *Експрес-анализата* се врши преку три фази: подготвителна фаза, претходен преглед на сметководствените пресметки и економски реферат анализа на пресметки. *Детална анализа на финансиската состојба*, во однос на експрес-анализата, се врши со поголем степен на детализација во интерес на различните корисници.

Покрај видовите на анализа се третираат и прашањата на целите и задачите на финансиската анализа. Петтата глава ги третира прашањата од аспект на временска вредност на парите. Секој слободен паричен износ на развиениот финансиски пазар се инвестира со цел да донесе принос. Имајќи предвид дека секој паричен доход што е на располагање може да се смета како резултат на некој поранешен вложен износ на пари т.е. претставува принос на порано вложен капитал, што резултира од дејствувањето на т.н. опортунитетни трошоци (opportunity costs), односно фактот дека секое држење на слободни парични средства предизвикува опортунитетни трошоци кои се еднакви на приносот што би можел да се оствари доколку тие парични средства би биле инвестирани во некој од финансиските, односно кредитните инструменти, под претпоставка прифаќање на разумен ризик. Сето тоа го овозможува финансискиот пазар, како впрочем и кредитниот пазар, преку процесот на трансфер на богатство во време. Шестата глава е посветена на ризикот и приносот што се иманентни на процесот на инвестирањето. Имено, при инвестирањето во хартии од вредност (ХВ) се презема ризик со надеж дека ќе се оствари посакуваниот принос од инвестираните средства. Во практиката, речиси, не постои подрачје во кое инвестирањето капитал не би било врзано за преземање на одреден степен на ризик. Ова е од причини што инвестирањето се врши во сегашноста, а приносите се очекуваат во иднина. За испитување на ризичноста на приносите на одделни инвестициски проекти се користат постапките како што се: мерење на распонот, стандардна девијација и коефициент на варијација. Во седмата глава предмет на разгледување е вреднувањето на хартиите од вредност како финансиска актива и предмет на тргување на финансискиот пазар. При пресметката се користат техники на временска вредност на парите и концептот на принос-ризик на средството.

Вредноста на едно средство ја чини сегашната вредност на сите готовински текови, што се очекуваат да се остварат во одреден временски период, кој може да трае помалку од една година, повеќе години или неограничено. Определувањето на сегашната вредност на средството се врши со дисконтирање на очекуваните готовински текови од одделните години, со користење на дисконтна стапка. Таа може да биде соодветна на ризикот на средството (стапка на баран принос). Под ризик може да се дефинира можноста да не се оствари очекуваниот принос. Нивото на ризикот значително може да влијае врз вредноста на средството. Тоа значи дека поголемиот ризик на определен готовински тек значи помала вредност на средството. Осмата глава го третира прашањето на правилата на финансирање сфатено како критериуми за избор на средства за финансирање. Целта на правилата е да му послужат на претпријатието како насока за донесување на нејзини одлуки за финансирање. Во таа смисла основата за настанување и развој на правилата за финансирање е теоријата на финансирање, по пат на утврдување на структурата на капиталот, како и односот помеѓу одделни делови од вложениот капитал. Тоа подразбира дека се јавуваат во форма на често

поставени релации помеѓу сопствениот и туѓиот капитал или во форма на минимални барања или долни лимити за финансирање на претпријатие со сопствен капитал. Во деветтата глава се разработува материјата за долгорочно финансирање во кое почетокот на времето на достасувањето на долгот за отплатување е подолг од една година или при кое финансирањето е трајно и не постои обврска за враќање на користените средства. Особено место му се посветува на пазарот на капитал, кој овозможува мобилизација (прибирање) и алокација (разместување) на слободниот паричен капитал, кој натаму служи за долгорочно финансирање на работењето на претпријатието. Десеттата глава до трудот финансиски менаџмент ги обработува прашањата од делокругот на управувањето со обртен капитал. Менаџирањето со обртен капитал посебно е потребно заради потребата од постоење на готовина и нејзино одржување во определена големина е потребно од следниве аспекти: вршење на платежни трансакции, обезбедување компензација на банките при кредитно задолжување, заштита од непредвидени флуктуации на наплатите и исплатите во готово, остварување на шпекулативни намени и др. Единаесеттата глава третира прашања од краткорочното финансирање (осигурено - во чии рамки се третираат особен следните облици: финансирање со трговски кредит, финансирање со временски разграничувања и финансирање со краткорочни кредити од пазарот на пари; односно неосигурено - кредитна линија, рамбурсен кредит, винкулационен кредит, револвинг кредит и трансакциски кредит). Дванаесеттата глава ги обработува прашањата на трошокот на капитал и структурата на капиталот. Потенцирајќи притоа дека трошокот на капитал претставува едно од позначајните подрачја на деловното финансирање, пред сè, поради нивната незаменлива улога како информациона основа при донесување на разни деловни одлуки. Тоа значи дека максимирањето на вредноста на компанијата, како првостепена задача и цел на секоја компанија, подразбира минимизирање на трошоците на сите импути, вклучително и на капиталот. Еден од начините тоа да се направи е одредување на трошокот на капиталот на инвестициониот проект, со поврзување на вложувањата на финансискиот пазар со соодветниот ризик. Станува збор за ризикот на финансирањето, кој претставува значаен фактор на трошокот на капиталот. Секој елемент во структурата на капиталот е поврзан со експлицитен или опортунитетен трошок, кој го обележуваме со буквата „к“. Овие трошоци се непосредно поврзани со концептот за вреднување, односно вреднување на финансиското средство со определување на сегашната вредност на идниот готовински тек што ќе го генерира соодветното средство. Кога зборуваме за ризикот на финансирањето, без оглед на типот на финансирањето, односот меѓу ризикот и трошокот на капиталот може да се претстави како равенка

$$k = kbr + por + pfr$$

каде: $k$= трошок на капиталот на разни видови долгорочно финансирање;
$kbr$ =трошок на безризичен вид на финансирање;
$por$ = премија за оперативен ризик;
$pfr$ = премија за финансиски ризик.

Тринаесеттата глава од трудот „Финансиски менаџмент“ третира прашања од аспект на деловниот и финансискиот левериџ. Леверџ, како термин, претставува користење на фиксните трошоци во зголемување на потенцијалниот приход на фирмата. Во финансискиот менаџмент леверџот претставува одредување на сума за фиксни трошоци (за машини и опрема) кои се ангажираат во одвивање на производствениот процес. Во можните алтернативи во деловните потфати на компанијата понекогаш може да се избере наместо да се задолжува за финансирање на инвестиционите намери и потреби тоа да го прави со продажба на дел од средствата на компанијата, што секако значи, намалување на можноста да се стекне потенцијален профит, но и минимизирање на изложеност на ризик. Ваквите одлуки во себе вклучуваат користење на леверџ. Тој може да се јави како оперативен, финансиски и комбиниран леверџ. Четиринаесеттата глава е посветена на дивидендата и дивидендната политика која претставува дел од одлуката за финансирање на претпријатието. Кога зборуваме за дивидендната политика треба да се потенцира дека

основен аспект претставува утврдување на соодветна алокација на профитот помеѓу исплатата на дивидендата и големината на задржаната добивка на претпријатието. Особено внимание им е посветено на безначајноста и значајноста на дивидендата и на факторите кои влијаат на дивидендната политика и видовите на дивиденди. Петнаесеттата глава го третира прашањето на посебните облици на финансискиот менаџмент како екстерна можност за раст на претпријатијата преку спојување, припојување и други облици на реструктурирање. Имајќи го предвид реструктурирањето на имотот преку: приватизација, Leveradged buyout (LBO), спојување и припојување (M&A), фисија во корпоративните финансии, што се манифестира како: **Spin-offs; Carve outs** и **Sell-off. Шеснаесеттата глава ги разработува конвертибилните хартии од вредност.** Кога зборуваме за конвертибилни хартии од вредност треба да се наведе дека станува збор за обврзници или приоритетни акции кои имаат својство, односно можат да се претвораат во обични акции на истата компанија. Кога еднаш е претворена во обична акција, таквите акции не можат повторно да се разменуваат за обврзници или, пак, за приоритетни акции. Односот во кој се врши замената помеѓу конвертибилните хартии од вредност и обичните акции може да се изразува во конверзиска цена или во однос на конверзија. Се образложува што е конверзиска вредност и премија на конверзиска вредност, за да продолжи со употребата на конвертибилните хартии од вредност, вредност на конвертибилните хартии од вредност и претстават и деривативните хартии од вредност (опции, варанти, фјучерси и сл.). Седумнаесеттата глава е посветена на капиталното буџетирање. Донесувањето одлука за одлив на капитал претставува една од најважните одлуки што треба да ги направи компанијата. Долгорочно вложување претставува секое вложување во основни средства, постојани обртни средства и долгорочни пласмани.

Процесот на капитално буџетирање во себе инкорпорира: барање и откривање на можностите за инвестирање; собирање на податоци; евалуација и донесување на одлука; избор на проекти кои се базираат на критериум на максимизација на вредноста (value-maximizing acceptance criterion); реевалуација на прифатените инвестициски проекти и приспособување. Се продолжува во претставување на карактеристиките на инвестициското одлучување, како и постапката за планирање на долгорочните вложувања (нагласувајќи ги посебно периодот на инвестирање и периодот на експлоатација на инвестициските проекти), за да продолжи со претставување на методите според кои се врши рангирање на предлозите за инвестирање, притоа наведувајќи ги методите кои најчесто се користат за утврдување на капиталните расходи, а тоа се: метод на исплата; интерна стапка на принос; нето сегашна вредност и индекс на профитабилност. Осумнаесеттата глава е посветена на меѓународниот финансиски менаџмент. Овде авторот ни дава одредени напомени во однос на современата светска економија која, како што потенцира, е многу поинтегрирана од кога и да е, поради што и народите се зависни едни од други за многу важни ретки ресурси. Тоа особено се чувствува во последните децении од 20 век и во почетокот на 21 век, кога се случи голема експанзија на меѓународните инвестиции по пат на инвестициските фондови, како и други облици на институционални инвеститори. Во еден ваков меѓународен економски, финансиски, социјален и политички амбиент логично е да се даде согледување за идентификација и утврдување на целите на финансискиот менаџмент во ваков мултинационален вкупен амбиент.

Според авторот, идеално, функцијата на финансискиот менаџмент во мултинационално претпријатие би ги имала следните три цели: да ги искористи предностите од потенцијалните мултинационални операции заради зголемување на финансиските текови и зголемување на ефикасноста; да се адаптира на ограничувањата во опкружувањето на национален и регионален план; да ги заштити активата и средствата за да бенефитите од мултинационалните операции не претрпат смалување преку финансиските ризици. Од тие причини, мултинационалното претпријатие кое работи во повеќе земји треба да посвети внимание особено на работата на афилијациите, заради тоа што тие претставуваат специфичен предизвик за финансискиот менаџмент на фирмата, што се реализира во три основни глобални сегменти: управување со даноците, управување со валута и управување со тековите на средства.

**Евалуација на трудот под реден број 6 - *Меѓународни финансии* (учебник), 2010, стр.440**

Трудот е систематски и логички подреден во единаесет глави. Првата глава е меѓународни финансии, втората глава го разработува меѓународниот финансиски пазар, третата глава се однесува на меѓународен пазар на пари, четвртата глава е посветена на меѓународен пазар на капитал, притоа посветувајќи соодветен простор за објаснување на поимот што претставува меѓународен пазар на капитал, сегменти на меѓународниот пазар на капитал, меѓубанкарски пазар на капитал и на депозити, меѓубанкарски пазар на доверителски хартии од вредност, меѓубанкарски пазар на сопствени хартии од вредност. Петтата глава ги третира девизниот курс и девизниот пазар. Шестата глава е посветена на биланс на плаќања (поим, дефиниција, концепти и значење), притоа не оставајќи ги пострана теориите на приспособување на билансот на плаќањата и сл. Во седмата глава авторот го објаснува меѓународниот монетарен систем, наведувајќи го еволутивниот развој претставен преку карактеристики на почетните фази во развојот на ММС (металистички ММС, чистозлатен стандард, искуството меѓу двете светски војни, златно-валутен стандард 1947-1971), како и разгледувањето на функционирање и еволуција на бретонвудскиот систем, како меѓународните економски организации како вкупен меѓународен економски и финансиски амбиент. Осмата глава ги разработува целите и задачите на ММФ, при што авторот ги дава основните објаснувања за тоа што претставува ММФ. Имено, ММФ е правно лице од меѓународен карактер со специфични задачи. Со други зборови, фондот не е банка, од причини што тој работи само со сопствени средства.

Тој не користи туѓи средства (туѓ капитал), што го определува дека не е профитна организација. ММФ не е ни меѓународен емисионен институт, бидејќи нема овластување да издава сопствени паричници или ХВ со сличен карактер иако негова задача е да работи врз основа на парични знаци, односно побарувања спрема земјите-членки на фондот. Деветтата глава се задржува на меѓународната ликвидност и меѓународната задолженост со дефинирање и еволуција на поимот меѓународна ликвидност, дефинирање на тоа што се меѓународни монетарни резерви, проблемот на меѓународната ликвидност, проблемот на довербата (confidence problem), меѓународната ликвидност и улогата на СПВ во меѓународниот монетарен систем и др. Десеттата глава е посветена на меѓународниот платен систем, овде авторот потенцира дека секоја отворена национална економија е поврзана со економиите на останатиот свет низ три групи на врски: преку меѓународната размена на стоки и услуги; преку меѓународна мобилност на факторите на производство и преку меѓународната размена на националните валути. Авторот нагласува дека стабилноста во меѓународните плаќања е определена од релативната рамнотежа во меѓународните економски односи на земјите-учеснички во меѓународните плаќања. Единаесеттата глава ги третира меѓународните финансиски институции (глобални – регионални – субрегионални).

Овде авторот нагласува дека меѓународната трговија и меѓународните економски трансакции не би можеле ефикасно да се организираат без меѓународна банкарска инфраструктура, како посредници во меѓународните плаќања и меѓународното кредитирање. Практично, сите легални меѓународни плаќања се вршат со посредство на банките. Од тие причини во обликувањето на трудот меѓународни финансии авторот се раководел меѓународните финансиски институции да се опфатат и им се посветил посебна глава. Меѓународните финансии, истакнува авторот д-р Ристо Фотов, може да се дефинираат како парично односно монетарно движење на сите меѓународни економски трансакции. Тие го сочинуваат делот на меѓународната економија, која во себе содржи два основна дела: меѓународна трговија и меѓународни финансии. Под меѓународни економски трансакции се подразбира секоја економска трансакција помеѓу резидентите на две различни земји или едноставно секоја економска трансакција помеѓу домашните и странските резиденти. Значи дека основната карактеристика на секоја меѓународна економска трансакција се состои во тоа што таа е секогаш економска трансакција помеѓу различни национални резиденти. Оваа национална различност на резиденти повлекува за себе уште една основна карактеристика на меѓународните економски трансакции, која претставува одраз на секоја таква трансакција на билансот на земјата на едниот и другиот партнер во трансакциите. Меѓународните финансии можат да се означат како вкупност

на меѓународните економски трансакции кои се состојат од парични движења. Зад овие парични движења можат да стојат истовремени движења на стоки и услуги, во случај кога се работи за дел од меѓународни финансии што претставува, во вистинска смисла, олицетворение на меѓународната трговија. Треба да се нагласи дека во практиката се среќава ситуација во која постојат и парични движења во меѓународни размери, зад кои во исто време не стојат движење на стоки или услуги кои се нарекуваат трансфери. Во таа смисла, Кругман и Обстфелд зборуваат за меѓународни трговски и парични (монетарни) аспекти на меѓународната економија. Несомнено дека меѓународните финансии претставуваат научна дисциплина која во основа ја сочинуваат монетарната теорија на надворешната трговија и во голема мера се однесува на финансиската страна на сите односи кои ги разгледува чиста или реална теорија.

Авторот успешно ги поставува и разработува прашањата врзани за меѓународните финансии. Во трудот, на почеток, авторот се задржува на објаснување на поимот и содржината на меѓународните финансии. Авторот нагласува дека меѓународните финансии претставуваат целина која ја сочинуваат: теорија и политика на билансот на плаќања, систем и политика на девизните курсеви, финансиски и девизни пазари и меѓународно движење на капиталот. Или со други зборови, меѓународни финансии е научна дисциплина која се занимава со монетарните аспекти на меѓународните економски односи.

Во обликувањето на трудот меѓународни финансии авторот оди во заокружување на материјата која треба да биде третирана, што со успех го прави, вклучувајќи ги неизбежните теми: меѓународен монетарен систем, целите и задачите на ММФ, меѓународна ликвидност и меѓународна задолженост, меѓународен платен систем и меѓународните финансиски институции (глобални-регионални-субрегионални).

Во разработка на поставените теми во трудот, авторот со прилично грижлив однос пристапува кон компонирањето на содржината и користениот материјал во конечното обликување на трудот што е пред нас. Со нагласена прецизност ги изведува и презентира заклучоците до кои доаѓа при истражувањата во оваа област.

Поголем простор се отстапува на меѓународното финансирање и меѓународниот финансиски пазар. Притоа го објаснува терминот на меѓународното финансирање, кое во потесна смисла опфаќа увоз и извоз на капитал и пари и продажба на стоки и услуги на кредит, а во поширока смисла вклучува и меѓународни еднострани трансфери. Секако во тој контекст кога се зборува за меѓународното финансирање, нагласува авторот, неизбежно прашање е прашањето на меѓународната финансиска архитектура која претставува комплекс на институции, меѓународни организации, влади и приватни економски агенти кои заедно ја формираат. Соодветен простор им се посветува на поимот и значењето на современите финансиски пазари, на облици на меѓународно движење на капиталот (меѓународно движење на зајмовниот капитал, портфолио инвестиции, странски директни инвестиции, сегментите на меѓународниот пазар на капитал), на меѓународниот пазар на пари кој во себе инкорпорира: 1. тргување со пари и краткорочни кредити и 2. институции и организации кои прибираат краткорочни депозити или видови краткорочно кредитирање на стопанството (комерцијални банки, депозитни банки, берзи на краткорочни ХВ, односно есконтни или дисконтни организации, акцептно-кредитни институции и др.), посветувајќи посебен простор на мотивите и причините за тргување на меѓународниот пазар на пари (економски услови, очекувања од девизните курсеви и постигнување на ефект од меѓународна диверзификација). Во контекстот на меѓународното финансирање и меѓународниот финансиски пазар особено место авторот му посветува и на меѓународниот пазар на капитал (како глобален пазар на капитал со неговите перформанси и проблеми на политиката, потоа разгледување на ефектите на диверзификацијата на портфолиото како мотив за меѓународна трговија, структура на меѓународниот пазар на капитал, растот на меѓународниот пазар на капитал, Offshore банкарство и offshore трговија со валути, евродоларите и другите евровалути, карактеристики и големина на пазарот на евровалути, операции и ефекти на пазарот на евровалути, важноста на регулативните асиметрии, евровалутите и макроекономската стабилност итн.). Со оглед на фактот што последните неколку децении меѓународните економски особено финансиски односи ги оптоваруваа банкарски и финансиски кризи се вклучуваат нови механизми во функционирањето

(преку контрола и мониторирање) на меѓународното банкарство. Во таа смисла авторот посветува посебно место токму на прашањето на регулирање на меѓународното банкарство од причини што нерегулираната природа на глобалната банкарска активност го прави светскиот финансиски систем ранлив на банкарска криза од поголем обем.

**Евалуација на трудот под реден број 7 - *Биланс на плаќања* (учебник), 2012, стр. 292**

Презентираниот труд разработува прашања кои се од делокругот на билансот на плаќања, како економска категорија, што претставува вкупност на економските трансакции помеѓу една национална економија и странство во еден временски период. Затоа се вели дека билансот на плаќања во суштина претставува систематски преглед на сите економски трансакции, на сите парични примања што ги извршила една земја со останатите земји во светот во текот на определен временски период вообичаено една година.

Билансот на плаќања, истакнува авторот д-р Ристо Фотов, се смета за еден од најзначајните биланси за националната економија, бидејќи состојбата во билансот на плаќања и движењето на одделните ставки и позиции во него ни го покажува степенот на развитокот на националното стопанство, обемот и структурата на нејзиното производство, состојбата во рамките на нејзината национална економија, односно со странство и стабилноста на стопанството. Несомнено дека теоријата и политиката на билансот на плаќања од време на време станува предмет на интерес, за да потоа отстапи место на сегменти на теоријата на меѓународните финансии, меѓународните економски односи и сл.

Одделни земји во фазите на својот стопански развој наидуваат на екстерни и интерни ограничувања од кои нерамнотежата на билансот на плаќања претставува една, може да се рече, од најзначајните. Кога се јавува таквото ограничување како главно, во таков случај економската наука и економската политика се тие кои се повикани да му посветат голем дел од своето внимание. Истото важи и во глобалните односи. Кога некои нарушувања во светското стопанство ќе предизвикаат поместување во билансите на плаќања на клучните учесници во меѓународните економски односи и голем број други земји, економската наука и меѓународните финансиски институции посветуваат значаен дел од активностите и се ангажираат во изнаоѓање методи на финансирање или политика на приспособување на билансот на плаќања. Ако во определен временски период светската трговија е таа која го раздвижува светското стопанство, притоа меѓународните финансии само ја опслужуваат со обезбедување на конверзија на валутите, со меѓународните плаќања и финансирање на деловните трансакции, денес комплексната поврзаност на пазарните национални економии со светското стопанство диктира националните пазари на стоки, услуги и фактори на производство во многу земји мали и средни по големина (како последица на недоволната големина и непотполната конкуренција) да не можат да функционираат на задоволителен начин. Тие се принудени да пристапат кон поврзување на сите свои пазари со соодветните светски пазари, со цел на тој начин своите национални пазари да функционираат како интегрален дел на светските пазари. Меѓутоа, за да може во такви услови да се води и рационална домашна развојна и економска политика, мора да се познава теоретската основа, како и механизмите и инструментариумот на економската политика во отворена економија.

Во рамките на третирањето на билансот на плаќања авторот дава објаснување за поимот на меѓународните економски трансакции кои се одвиваат помеѓу резидентите на две различни земји или, едноставно, секоја економска трансакција помеѓу домашните и странските резиденти. Во тој контекст, авторот д-р Ристо Фотов потенцира дека основна карактеристика на секоја меѓународна економска трансакција е во тоа што таа е секогаш економска трансакција помеѓу различни национални резиденти. Оваа национална различност на резиденти повлекува за себе уште една основна карактеристика на меѓународните економски трансакции, која претставува одраз на секоја таква трансакција на билансот на земјата на едниот и другиот партнер во трансакциите. Билансот на плаќања како статистички систематизиран преглед на вкупните економски трансакции, кои се одвиваат меѓу резиденти од различни национални економии, ги регистрира паричните движења. Зад овие парични движења можат да стојат истовремени движења на стоки

и услуги, во кој случај се работи за дел од меѓународни финансии кој претставува, во вистинска смисла, олицетворение на меѓународната трговија. Треба да се нагласи дека во практиката се среќава ситуација во која постојат и парични движења во меѓународни размери, зад кои не стојат во исто време движење на стоки или услуги кои се нарекуваат трансфери. Во таа смисла Кругман и Обстфелд зборуваат за меѓународни трговски и парични (монетарни) аспекти на меѓународната економија. Несомнено дека меѓународните финансии претставуваат научна дисциплина што во основа ја сочинуваат монетарната теорија на надворешната трговија и во голема мера се однесува на финансиската страна на сите односи кои ги разгледува чистата или реална теорија.

Авторот успешно ги поставува и разработува прашањата поврзани за билансот на плаќања. Во трудот, на почеток, авторот се задржува на објаснување на поимот, дефиницијата и структурата на билансот на плаќања. Се нагласува дека билансот на плаќања во себе инкорпорира прашања како: теорија и политика на билансот на плаќања, систем и политика на девизните курсеви, финансиски и девизни пазари и меѓународно движење на капиталот, како меѓу другото и меѓународна инвестициска позиција.

Во обликувањето на трудот „Биланс на плаќања" авторот успешно ја заокружува материјата која на студентите треба да им ги доближи и обезбеди соодветните знаења од: биланс на плаќања и основни стопански сметки, концепт и терминологија на биланс на плаќања, стандардна презентација на компоненти во билансот на плаќања, девизен биланс, пресметковен биланс, значајни сметки односно видови трансакции кои се евидентираат во билансот на плаќања, врската помеѓу тековната сметка и националниот доход, детерминанти на тековната сметка, националното штедење, инвестиции и тековна сметка, третирањето на рамнотежа и нерамнотежа во билансот на плаќања, со посебен третман на одржливост на дефицитот на тековната сметка, показатели за одржливоста на тековната сметка во билансот на плаќања, посветувајќи посебен простор и место на податоците за меѓународна инвестициска позиција.

Во разработка на поставените теми во трудот, авторот со прилично грижлив однос пристапува кон компонирањето на содржината и користениот материјал во конечното обликување на трудот што е пред нас. Со нагласена прецизност ги изведува и презентира заклучоците до кои доаѓа при истражувањата во оваа област.

Приличен простор се посветува на аспектот на интервалутната вредност на домашната валута, поради тоа што од состојбата во билансот на плаќањата во голема мера зависи интервалутната вредност на домашната валута и потребата од поголема или помала административна интервенција на државата во меѓународните економски односи. Треба да се нагласи дека секое национално стопанство и поголемиот дел од стопанските субјекти во него, порано или подоцна, мора да дојде во допир со подрачјето на меѓународните финансии. Сите економски трансакции (извозот, увозот, заемите и кредитите) реализирани помеѓу стопанските субјекти на една национална економија и резиденти на другите земји, по правило, завршуваат во меѓународни плаќања (парични дознаки, движење на други инструменти на плаќања или хартии од вредност). Затоа систематски консолидираниот преглед на сите економски трансакции помеѓу резидентите на една национална економија и резидентите на другите земји за определен временски период (вообичаено се зема една година) се нарекува биланс на плаќањата. Тој претставува составен дел на системот на стопанските биланси што ги дефинира и квантитативно ги искажува основните макроекономски варијабли во националното стопанство, како и неговите меѓусебни односи.

Билансот на плаќањата, како економска категорија, тесно е поврзан со националното стопанство што значи дека постои хомогена поврзаност на трансакциите помеѓу националната економија на една земја и странство со националниот доход, домашната акумулација и потрошувачката. Тоа упатува на фактот дека сите случувања со странство имаат битно влијание на економските случувања во националното стопанство на земјата. Разгледувањето на поврзаноста на стопанските случувања во земјата со развојот на нејзините економски односи со странство нераздвојно е поврзано со користење на равенката којашто претставува една од основните поставки на современата економска наука:

*A-I = X-M*

Во случај кога националната акумулација е помала од инвестициите (A< I) се појавува дефицит во тековниот биланс на земјата (X<M). И обратно, ако националната акумулација е поголема од инвестициите (A>I) резултира во суфицит во тековниот биланс на плаќања (X>M).

Недостигот на акумулација во однос на реализирана инвестициона потрошувачка повлекува појава на дефицит во тековниот биланс на плаќања, во тој случај тој дефицит се компензира со прилив на дополнителна акумулација од странство по пат на нето увоз на капитал и/или намалување на монетарните резерви на националната економија. Тоа влијае на зголемување на нето добитната, односно намалување на нето кредитната позиција на земјата во однос со странство. Обратно, кога во националната економија акумулацијата е поголема од остварените домашни инвестиции и суфицитот на тековниот биланс на плаќања доаѓа до одлив на средства во странство по пат на извоз на капитал и/или растеж на монетарните резерви на националната економија. Тоа, влијае на намалување на надворешниот долг на земјата, односно зголемување на побарувачката во однос на странство.

Оттука, рамнотежата во тековната сметка на билансот на плаќања претставена со формулата (A-I = X-M) укажува дека таа не претставува случајна варијабла и независна од текот на домашните издатоци и нивната распределба на инвестиции и потрошувачка, туку дека е тесно и непосредно поврзана со нив.

**Евалуација на трудот под реден број 8 - *Основи на финансии* -второ изменето и дополнето издание (учебник), 2013 год., стр. 495**

Трудот претставува ново, второ изменето и дополнето издание на веќе издаден и печатен универзитетски учебник во 2007 година, кој во целост ја опфаќа наставната материја за предметот Основи на финансии, предмет кој се изучува во вториот семестар од првите студиски години на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, и ја покрива наставата со фонд на часови што е предвидена со наставната програма. Трудот разработува прашања кои се однесуваат на основите на финансиите (дефиниција, поим и предмет на изучување). Изменетото и дополнето второ издание „Основи на финансии“ има нова композиција и збогатена содржина на презентираната материја. Во првиот дел кој ја разработува темата финансии и финансиски систем ги третира прашањата на финансии, дефиниција и предмет на изучување, предмет на изучување на науката за финансии, финансиска економија и националниот доход, класичните неутрални и современи функционални финансии, финансиски систем и негови елементи, финансиски текови и финансиски механизам, финансиски институции и финансиски инструменти, класификација на финансискиот систем: финансиски систем базиран на банките и финансиски систем базиран на пазар, систем на финансиски пазари и др. Вториот дел ги третира прашањата на парите и монетарната политика, појава и развој на облиците на парите, функции, функциите на современите пари и нивното влијание врз стопанските движења, порастот на вредноста на парите – дефлација, опаѓањето на вредноста на парите – инфлација, монетарна стабилност, парична маса и дефинирање на нејзината оптимална количина, фактори кои влијаат на понудата на пари, фактори кои влијаат врз примарните пари, фактори кои влијаат на монетарниот мултипликатор, кредитна мултипликатор, побарувачка на пари, детерминанти на побарувачката на пари, побарувачката на пари и брзината на оптекот на парите, стратегии на управување со монетарната понуда, појава на монетарното таргетирање, стратегија на монетарно таргетирање, стратегија на таргетирање на девизниот курс, стратегија на монетарен одбор (Currency Board), стратегија на таргетирање на инфлацијата, раѓањето на таргетирање на инфлацијата, таргетирање на инфлацијата versus таргетирање на нивото на цени, монетарни агрегати, примарни пари, монетарен мултипликатор, мултипликација на парите и монетарна политика, монетарно-кредитен систем, монетарно-кредитна политика и др. Третиот дел третира прашања на банкарскиот систем. Четвртиот дел од второто изменето и дополнето издание на универзитетскиот учебник „Основи на финансии“ ги третира прашањата

од деловно-финансискиот систем во чии рамки се разработуваат прашањата, како што се: финансиските цели на претпријатието, главна финансиска цел на претпријатието, споредни финансиски цели на претпријатието, спротивставеност на интересите и целите во акционерско друштво, осигурување, поим и начела. Петтиот дел третира прашања од јавните финансии: фискален систем, јавни расходи, видови јавни расходи - поим и содржина, видови и поделба на јавните расходи, јавни приходи и видови на јавни приходи и јавен долг.

Авторот успешно ги поставува и разработува прашањата врзани за финансиите. Тој ја нагласува непосредната поврзаност на финансиите за парите и паричните плаќања наспроти натуралните плаќања. Со тоа авторот укажува на фактот дека финансиите ќе постојат секаде каде што постојат парите. Несомнено тоа упатува на заклучокот дека каде што има стоковно производство и делување на законот на вредноста изразен во пари ќе има и финансии. Што може да се каже дека природата на финансиите е парична, односно монетарна. Во елаборациите што ги презентира во трудот авторот на почетокот се задржува на историско-еволутивниот развоен пат на финансиите. Притоа се наведува дека како најзаслужен за издвојувањето на финансиите во посебна научна дисциплина се смета Карл Х. ван Реј кој прв почнал да го користи називот за финансии *основи на финансиската наука*. Секако дека значаен придонес во „зацврстувањето на позициите" на финансиите како посебна научна дисциплина има дадено англискиот економист Џон М. Кејнс, напуштајќи го дотогашниот стерилен правец во развојот на науката за финансии. Придонесот на Кејнс во обликувањето на финансиите како посебна научна дисциплина, како што потенцира авторот во трудот, се состои во тоа што финансиите добиваат облик на економски функции (алокативна, редистрибутивна, стабилизациона, развојна). По однос на натамошното обликување и збогатување на содржината на финансиите како научна дисциплина, значен придонес имаат, како што нагласува авторот на трудот, Кејнсовите наследници Хансен и Самуелсон. Во оваа пригода треба да се наведе и заслугата на двајца Американци (Abba Lerner и A. Hansen) кои во разработката и обликувањето на финансиите како научна дисциплина за првпат користат односно внесуваат математички методи. За Лернер се вели дека е прв кој го вовел називот *функционални финансии*. Понатаму во елаборациите во трудот „Основи на финансии" авторот предочува дека финансиите во полн облик, како заокружена научна дисциплина, непобитно потврдува дека настануваат со појавата и развојот на стоковното производство и влијанието на Законот на вредноста, односно постоењето на парите како општ еквивалент според општопознатиот образец $П\text{-}С\text{-}П_1$, односно $С\text{-}П\text{-}С_1$ или проширениот облик на односот на факторите на репродукцијата. Со тоа парите, како што нагласува авторот, не се јавуваат само како чисто финансиски феномен, туку и како сосема определен општествен однос. Авторот се осврнува и на третманот на современата теорија кон финансиите при што наведува дека финансиите ги опфаќаат сите парични, односно финансиски односи што во себе ги вклучуваат особено следните најтесно поврзани подрачја:

1. Монетарни финансии (пари, кредит, банки, берзи и др.) на кои почиваат најголем дел од финансиите;
2. Јавни или општествени финансии (прибирање и трошење на општествените средства за финансирање на јавните потреби во општеството);
3. Меѓународни финансии, како посебен дел, и покрај тоа што некои автори ги сместуваат во монетарните финансии, но имајќи ја предвид специфичноста на проблематиката што ја третира, поадекватно е да се издвои во посебно подрачје од науката за финансии.

Според тоа, како што наведува авторот, финансиите како научна дисциплина се интересираат за сите прашања кои се врзани за проблемите со парите, за нивно креирање, за тековите, за поништувањето, за бројни и сложени дејствувања во стопанството, за тековите на доходот воопшто, а, пред сè, за неговата распределба, прераспределба, облиците, инструментите и субјектите на неговото трошење итн. Во дефинирањето на предметот на науката за финансии авторот наведува дека финансиите како поим претставуваат парична страна на секоја стопанска работа и парична страна на сите текови на националното стопанство, па во таа смисла авторот како предмет на изучување на науката за финансии ги дава следниве подрачја:

1. паричните плаќања;
2. кредитните односи;
3. политика на прибирање и вложување на паричните средства;
4. емисија на пари;
5. монетарно-кредитна и девизна политика;
6. јавни (фискална) финансии;
7. финансиска политика и планирање на паричните текови;
8. организација и активност на банкарското работење;
9. финансиско осигурување итн.

Анализирајќи ја релацијата финансиска економија и националниот доход, во трудот се констатира дека финансиите од една страна ги претставуваат материјалните односи и текови во стопанството и репродукцијата, а од друга страна паричните односи и текови кои материјалната средства ги добиваат во тековите на репродукцијата, односно покажувајќи и потврдувајќи дека паричната страна на репродукцијата претставува само втората страна на нејзината материјална основа и материјални биланси. Тоа покажува дека и двете страни претставуваат дијалектичка целина која произлегува од општествено-економските односи и развојот на стопанството на одредено општество. Авторот го потенцира фактот дека современите функционални финансии наспроти класичните неутрални финансии на парите им припишува активен однос и карактер врз репродукционите текови, кое е резултат на трансформацијата на местото и улогата на политичките институции, пред сè, на државата во економскиот живот. Со заговарањето на државниот интервенционизам доаѓа до низа нови и проширувања на постојните облици на расходи, односно дека државата се претвора во одлучувачки фактор во регулирањето на стопанството „не само со својот систем на приходи, односно со одземање од стопанството, туку и со своите расходи односно со давање на стопанството".

Авторот во композицијата на тематската обработка на материјата приоѓа кон презентирање на финансискиот систем и неговите елементи. Притоа прави успешен обид да го запознае читателот со содржината на финансискиот систем односно претставувајќи ги потсистемите кои го сочинуваат финансискиот систем. Во таа смисла ги разработува секој потсистем одделно давајќи ги неопходните објаснувања за секој од нив, како и за финансиските текови и финансиските механизми, финансиските институции и финансиските инструменти, притоа разработувајќи ги финансиските институции секоја од нив посебно во обем кој е неопходно да се сфати суштината на секоја од нив поединечно (пазар на пари, пазар на капитал, девизен пазар, девизни берзи). Понатаму авторот во трудот посветува простор за елаборирање на пазарните инструменти и финансиските деривативи како значен материјал за тргување на финансиските пазари. Овде првин се разработуваат финансиските инструменти како: акциите, обврзниците, цесиите, асигнацијата, компензацијата, фјучерсите, опциите, форвордите, како и други финансиски инструменти што современата практика на тргување на финансиските пазари ги познава. Се разработуваат во обем кој е потребен за нивно објаснување, како и се дадени одредени примери за пресметување на нивните значајни елементи (принос и цени). Во трудот доволен простор се посветува и на монетарните стратегии како можност за одржување на монетарната стабилност во националната економија. На парите како најликвидно средство во трудот им се посветува, исто така доволно внимание и солидна елаборација, третирајќи ги прашањата на потребата од нивна појава и причините кои ја детерминирале нивната појава понатаму прашањата на еволуцијата на паричните облици и прашањата на понудата и побарувачката на парите и факторите кои ги детерминираат нив.

**Евалуација на трудот под реден број 9 – *Осигурување* - второ изменето и дополнето електронско издание (учебник), 2013 год., стр.430**

Презентираниот труд разработува прашања кои се однесуваат на осигурување. Кога станува збор за осигурување до сега е напишано многу. Тоа укажува дека се работи за област која е значајна и секогаш актуелна. Осигурувањето ги следи и анализира и врз таа основа да понуди решение за формите и модалитетите за посолидна заштита од

влијанието на разорната сила на природните несреќи и катастрофални штети, кои можат да предизвикаат дисконтинуитет на репродукцијата и да ги загрози човечките животи и на тој начин да ја загрозат стабилноста на стопанскиот развој. Токму трудот осигурување од авторите д-р Ристо Фотов и м-р Катерина Фотова ја има таквата мисионерска улога, да понуди решенија за ублажување на штетните последици од несреќните случаи врз имотот и животот на луѓето.

Осигурувањето може да се разгледува двострано - како научна дисциплина и како функција на претпријатие. Осигурувањето како научна дисциплина се развива од науката за финансии и го проучува управувањето со финансиите во претпријатието. Осигурувањето е во тесна врска со другите научни дисциплини, а особено со математиката и финансиите. Осигурувањето претставува специјализиран вид на менаџмент со ризиците кои демнеат над имотот и физичкиот интегритет на луѓето. Авторот со математичка прецизност го вградува знаењето кое се вклопува во целината создавајќи единствена конзистентна целина корисна за согледување, изучување и примена на осигурителната заштита како мерка за одржување и обезбедување на стабилен континуитет во одвивањето на економските активности во претпријатијата.

Авторот успешно ги поставува и разработува прашањата врзани за осигурување. Во трудот, на почеток, авторот се задржува на објаснување на основните поими и термини во осигурителната теорија и практика.

Осигурувањето, според авторот, претставува специфичност која што се базира на неколку основни категории: примена на актуарско-статистички методи во пресметување на висината на премиската стапка при одредување на премија за осигурување, дефинирање на осигурителен ризик, третирање на факторите кои влијаат врз висината на премијата за осигурување, примена на модалитети на осигурително покритие, методи на процена на штети, класа на осигурување, реосигурувањето како осигурување на осигурителот и специфичностите на секој од видовите договори за реосигурување, одредување на маргина на солвентност и др.

Во разработка на поставените теми во трудот, авторите со прилично грижлив однос пристапуваат кон компонирањето на содржината и користениот материјал во конечното обликување на трудот што е пред нас. Со нагласена прецизност ги изведува и презентира заклучоците до кои доаѓа при истражувањата во оваа област.

**Евалуација на трудот под реден број 12 -** ***Економски аспекти на осигурувањето*****, 2007 год.**

Осигурувањето претставува институција која ги надоместува настанатите штети во општеството во неговото стопанство или кај луѓето, под дејство на природните сили или несреќни случаи. Таа, всушност, ја обезбедува економската заштита на осигурените (правни и физички лица) од штетните дејствија и економските растројства кои можат да се предизвикаат кога ќе настане осигурен случај, односно кога ќе се реализира ризикот во сите фази на општествената репродукција или во секојдневието на луѓето.

Кога се споменуваат поимите опасност, ризик, штета, оштета сите тие кај нас асоцираат на тесната нивна поврзаност со осигурувањето, додека зборот осигурување создава претстава за сигурност.

Осигурувањето, нагласува авторот, претставува здружување на сите тие кои се изложени на иста опасност со цел заеднички да ја поднесуваат штетата која ќе им се случи само на некои од нив.

Основата на осигурувањето е во начелото на заемност и солидарност. Осигурувањето обезбедува изедначување и израмнување на ризиците на прифатливо (лесно подносливо) мошне ниско ниво. Со атомизацијата на ризикот, која се постигнува преку неговото распоредување на мноштво осигурени, т.е. раситнување на големите штети на безброј мали претставува се реализира техничката суштина на осигурувањето.

Авторот укажува на фактот дека осигурувањето се пројавува во три вид, односно допира три области: економска, техничка (статистичко-математичка, т.е. актуарска) и правна. Економски осигурувањето се манифестира преку целта што се постигнува, а тоа се функциите на осигурувањето (заштитна, мобилизаторска и социјална).

Во трудот, авторот ги разработува аспектите на управување со осигурувањето, а во тие рамки преземањето на ризик како прв чекор во реализирање на осигурителната функција непосредно за преземање ризик се надоврзува и прашањето на дефинирање на висината на премијата како цена на чинење на преземениот ризик. Тука секако ќе бидат обработени и аспектите на процена и ликвидација на штети, како завршница на осигурителниот процес со сите свои фази. Соодветно место ќе се посвети во разработувањето на темата и на аспектите на формирање на фондови на осигурување, како и модалитетите на менаџирање со истите. Ова се разбира третирано во критички контекст на постојната и потребната институционална рамка која би била поволна, како амбиент за пласирање и оплодување на слободните средства што осигурителната дејност ги поседува.

Во овој труд, авторот го потенцира и аспектот на мобилизаторско-акумулаторска и посредничка функција на осигурувањето на финансискиот пазар кои, за разлика од банките, своите потенцијали ги формираат од уплатените премии на пласманите што ги вршат, ги врзуваат за некредитни портфели, при што само еден мал дел од својот потенцијал го насочуваат во вид на поедноставна структура на кредит. Со реализирањето на оваа функција осигурувањето врши собирање на вишоците од суфицитарните сектори и истите ги нуди на пазарот во разни облици (продукти) на осигурување на имоти и лица. Преку остварувањето на улогата на институционален инвеститор влијае на алокација на пласманите во стопански дефицитарните сектори и придонесува за развојот на финансискиот пазар со деловни и сопственички интеграции со останати институции. Во содејство со останатите финансиски институции ги развиваат финансиските производи, како и влијае на модернизирање на структурата на гаранциите (винкулација на полиси, откуп на вредноста на полиси и сл.). Во овој труд авторот ја потенцира економско-финансиската улога на осигурувањето, особено преку обезбедувањето на поголема понуда (како резултат на мобилизаторско-акумулатосркaта и посредничката функција) на средства на пазарот на капитал што влијае на намалување на цената на капиталот, што во случај на отсуство на осигурителните друштва со пласманите на пазарот на капитал, цената на капиталот би била повисока. Преку пласманот на слободните средства на осигурувањето на пазарот на капитал се обезбедува подобра алокација на средствата што влијае на поттикнување на штедењето. Пазарот на капитал станува атрактивен за осигурителите и реосигурителите не само во делот на пласманите на слободните средства заради остварување на определени заработки, туку и како средство со кое се остваруваат целите на осигурувањето и реосигурувањето во делот на обезбедување на соодветна заштита од настанување на катастрофални штетни настани, за што ќе зборуваме повеќе во делот на овој труд кој е посветен на менаџирање со осигурителни ризици. Во трудот се укажува и на новите тенденции на осигурителниот пазар во светот, нагласувајќи го фактот дека почетокот на 21 век светот го карактеризира со тренд и феномен во чија основа се препознаваат банките како значаен актер во спроведување на активности од осигурителна дејност. Препознатлив е трендот во кој банките нудат депозитни замени во облик на полиса за осигурување живот и пензија, со што стануваат институции од кои може да се купат сите финансиски услуги во исто време и на исто место.

**Евалуација на трудот под реден број 13 - “Regulation and modernization of the Financial Markets”, 2008 год.**

Во овој труд особен интерес кај авторот побудуваат регулацијата и модернизацијата на финансиските пазари од причини што оваа подрачје е постојано под наплив на иновативни финансиски инструменти, како предмет на тргување, што создава несигурност кај потенцијалните инвеститори. Во таа смисла се градат комплексни системи за регулација на финансиските пазари и институции кои во себе ги вклучуваат: информационата, монетарната регулација, регулацијата на финансиските активности, финансиските институции, учеството на странските учесници итн. Секоја од овие форми на регулација е неопходна од причина на лесната можност од појава на морален ризик, инсајдерско тргување и сл., како и потребата од координирање на целокупната економија, каматните стапки, девизните курсеви, задолжителните резерви. Тука се јавуваат и финансиските посредници со правата и обврските што ги имаат кон страните кои извршуваат одреден финансиски договор.

Сите овие системи за регулација на финансиските пазари и институции не само што се неопходно создадени, туку и неопходно се надградуваат, модернизираат за да одговорат на потенцијалните финансиски кризи.

Сето она што го обработува овој труд, а тоа е: потребата од регулација и нејзино тековно менување, каква е ситуацијата во светски рамки и по кои теркови треба да се движи, сепак води кон тоа дека економијата е економија. Со 100% мошне ретко кога нешто е потврдено. Така „Нацртот за модернизација на регулаторната финансиска структура, кој претставува едно од последните реконструирања на американскиот регулаторен режим, како резултат на сѐ почестите финансиски кризи, не врши консолидација на супервизијата на финансиските пазари до таа мера и сѐ уште остава место за т.н. институционална форма на регулирање, наместо да има насочување кон т.н. функционална форма на регулација". Истото се случува и во Велика Британија „FSA покажа слабост при идентификацијата и справувањето со пропаѓањето на Nothern Rock банката во текот на 2007 г. Така, и двата система покажаа неуспех при справувањето со значајни финансиски кризи и покрај тоа што САД и Велика Британија интернационално се ценети како земји со најдобра примена на супервизијата на финансиските пазари".

Се разбира, во трудот авторот сугерира дека регулацијата е неопходна, задолжителна, но со нејзиното воведување не значи дека работата е завршена. Таа мора постојано да се обновува од причина што финансиските пазари изобилуваат со многу учесници и инструменти, за кои границите може да немаат никакво значење (само за илустрација ако светскиот БОП се проценува на 50 трилиони долари, само прометот на преку 6.000 разни финансиски деривати изнесуваше во 2008 година 240 трилиони долари, што значи станува збор за колосални суми на средства кои се обрнуваат на берзите во светот). Со тоа и финансиските кризи кои можат да настанат можат да се движат „без визи" и за момент да го опфатат цел свет (што, впрочем, и се случи со најновата финансиска криза која се прели со последици и на реалниот сектор на светската економија). Ако на ова додадеме дека дел од тие кризи можат да се предвидат, следува прашањето зошто финансиската супервизија да не ги пресретне, но се надополнува прашањето колку може да го стори тоа. Затоа, авторот сугерира дека светските економии треба да тежнеат кон формирање на такви регулативи кои приоритетно практично ќе бидат применувани. Економијата сѐ повеќе треба да се потпира на квантитативни методи и предвидувањата да се сведуваат на сигурност, а не на можност дека нешто ќе се случи.

**Евалуација на трудот под реден број 14 - "Economic Freedom as a Development Resourse", 2008 год.**

Во овој труд се опсервира прашањето на економската слобода како еден од битните фактори-ресурси за забележлив економски развој на националните економии. Имено, економската слобода сфатена како „отсуство на принуда" во современата економија се смета поединечно како најзначаен фактор на економскиот раст и просперитет. Во трудот се презентираат примери на земји во светот кои користат либерални реформи во своите економии, како и тоа дека покрај фактот што либералните реформи ги користат голем број поединци, исто така вистина е дека некои интересни групи профитираат од „rent seeking" и протекционизмот, отколку што тоа го остваруваат од економската либерализација. Но, неспорен е фактот што се потенцира во трудот, дека економски слободните земји бележат високи стапки на раст, наспроти економски „неслободните" или „претежно неслободните" земји остануваат стагнантни. Во прилог на ова се наведува примерот со *естонското чудо*. Имено, естонските реформи се потпираат на зголемување на економските слободи. Економските слободи подразбираат отсуство на државна принуда или ограничување над производството, распределбата и потрошувачката на добра и услуги. Порастот на економските слободи влијае одлучувачки на порастот на благосостојбата изразена преку пораст на БДП. Истражувањата на корелацијата помеѓу економските слободи и висината на националниот доход од страна на *Feedom house*, *Fraser institute* и *Heritage fondation* укажуваат дека корелацијата е изразена со 56-70%, што пак зборува во прилог на тоа дека стопански напредок нема без високо ниво на економска слобода.

Покрај Естонија, во трудот авторот наведува бројни примери како што е случајот со: Јужна Кореја, Тајван, Хонг Конг и Сингапур, кои беа сиромашни земји децении пред да одлучат да применуваат економска слобода во функционирањето на стопанските субјекти во сопствените економии, понатаму примерот со источна и западна Германија до обединувањето кога имаа различни општествено-економски системи.

Во натамошното елаборирање во трудот, авторот нè пренесува на балканскиот простор, тоа е случајот со Словенија која е најразвиена земја согласно со официјалните параметри. Нејзините источни соседи ја нарекуваат *словенска Швајцарија* или *балканска Германија*, како што пишува „Der Spiegel."

Во трудот, авторот дава опсервација за тоа каде е Република Македонија и нејзината економија. Македонската економија е 61,1% слободна од можни 100%, согласно со Index 2008, што ја сместува на 71. место во светот по економска слобода.

Кои фактори влијаат на економската слобода на една земја? Во трудот се наведуваат, а се прифатени од страна на одредени меѓународни институции:

1. Надворешно-трговската политика на земјите (ја сочинуваат варијаблите како просек на царински стапки, нецарински бариери и корупција во царината и кои претставуваат степен во кој државата го ограничува пристапот на својот пазар за странските фирми);
2. Фискално оптоварување од страна на владата (со варијаблата највисока гранична стапка на данок на приход);
3. Интервенција на владата во економијата (со варијаблата државна потрошувачка како процент во националната економија);
4. Монетарната политика преку просечната стапка на инфлација во период од десет години;
5. Текови на капиталот и странски инвестиции (со варијаблата законот за странски инвестиции, рестрикции на странците во работењето и сл.);
6. Банкарство и финансии (со варијаблата финансиски институции во државна сопственост, рестрикции на можноста странските банки да отвораат ограноци, влијание на државата на алокација на кредитите и сл.);
7. Плати и цени (со варијаблата Закон за минимална заработувачка, слобода со која цените се определуваат приватно без мешање на државата, контрола на цените од страна на владата и сл.);
8. Сопственички права (со варијаблата слобода од влијание на владата на судскиот систем, трговскиот закон кој ги дефинира договорите и сл.);
9. Регулација (со варијаблата барање лиценца за работа, лесно добивање на работни лиценци, корупција во бирократија, регулација на трудот, како востановена работна недела, платени одмори и породилни отсуства и сл.);
10. Црн пазар (со варијаблата прикривање, пиратерија на интелектуалната сопственост на црниот пазар, земјоделски добра набавени на црниот пазар и сл.).

**Учебни помагала:**

1. ***Практикум по Основи на финансии*** **(учебно помагало), издание на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, стр.74, 2008 год.**

Во овој труд се содржани решени примери за финансиските инструменти и нивни деривати како материјал на тргување на светските пазари на капитал, што претставува еден сегмент од наставната материја што се изучува по предметот Основи на финансии во првиот семестар од прва година на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и претставува солидно осмислен труд кој може да се користи на часовите предвидени за вежби, според наставната програма по овој предмет. Трудот разработува прашања кои се однесуваат на финансиските инструменти кои како алтернативни можности за инвестирање на слободните финансиски средства на инвеститорите им се на располагање на постојните и потенцијалните инвеститори. Претставувањето на материјата во трудот е логично, практично и јасно. На разбирлив начин се претставени методите и начините на решавање на примерите што се разработуваат. Покрај тоа што трудот во најголем дел е претставен со примери за начинот на поставување на определен проблем

и примена на соодветна методологија за негово решавање, видливи се напорот и желбата на авторот да го доближи објаснувањето на термините, феномените и други поединости кои се непосредно поврзани за финансиските инструменти, нивните деривати и пазарот на капитал. Покрај тоа што се дадени примери за начинот и методите на решавање на примери кои се однесуваат на ризикот, приносот и рокот на достасаноста на одредени финансиски инструменти, авторот презентира и примери и нивно решавање за финансиските деривати (фјучерси, опции и сл.). Со практикумот на студентите им се овозможува полесно да ја разберат наставната програма и материјата што се изучува по предметот Основи на финансии и можност за стекнување знаење за современите финансиски инструменти и нивни деривати кои сè повеќе и повеќе се предмет и материјал на тргување на пазарот на капитал во светот.

Токму заради тоа, авторот во целиот труд разработува примери само за пазарните инструменти и финансиските деривати како основен материјал за тргување на финансиските пазари. Во разработката првин се тргнува од финансиските инструменти: акциите, обврзниците, фјучерсите, опциите, форвордите, своповите, како и други финансиски инструменти што современата практика на тргување на финансиските пазари ги познава.

Оригиналноста на трудот со проценка за придонесот врз развојот на научната мисла: Трудот претставува, според содржината и начинот на разработката, дело во кое на јасен начин се разработуваат примери и нивни решенија, што овозможува поголема ефикасност и ефективност во совладувањето на материјата за предметот Основи на финансии од страна на студентите за кои, пред сè, е наменет овој труд. Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, присутни се аналитичкиот пристап, квалитативната и квантитативната анализа и научната проценка.

Наставно-образовна активност на проф. д-р Ристо Фотов во изминатите години од 2007 до 2013 година се состои во предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во период од 2007 до 2013 год., на прв циклус студии), по предметите (реден број 3 во табелата): Основи на финансии, Меѓународна економија, Меѓународен монетарен и трговски систем, Финансиски менаџмент на здравствени институции, Финансиски менаџмент, Осигурување, Меѓународни финансии, Биланс на плаќања, Менаџмент на мали и средни претпријатија - ФПТН, Вовед во осигурување на ФТБЛ - Скопје и предавања одржани на втор циклус студии (реден број 4 во табелата за поени): Финансиски менаџмент, Глобална економија, Менаџмент на мал бизнис, Пари и банки, Современи концепции за парите, Финансирање на претпријатија, Корпоративни финансии.

Активностите на кандидатот реализирани пред изборот во звање вонреден професор се презентирани и вреднувани во рефератите објавени во постапката за избор.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата со задоволство констатира дека според објавените научни и научно-стручни трудови, раководењето, учеството на меѓународни и домашни конференции, вршењето на должноста декан и другите активности наведени во рефератот, проф. д-р Ристо Фотов поседува извонредни квалитети за настава, научноистражувачка и организациска работа. Со својот професионален, сериозен и одговорен однос во голема мера придонесува за успешно работење.

Според Законот за високото образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (Универзитетски гласник бр. 26 од јануари 2013 година), кандидатот проф. д-р Ристо Фотов ги исполнува критериумите за да биде избран во звањето редовен професор.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да го усвои нашиот предлог и предлог одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип, **проф. д-р Ристо Фотов да го избере во звањето редовен професор за наставно-научната област финансии**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Трајко Мицески, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Михаило Петковски, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Љубе Трпески, редовен професор, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активности на д-р Ристо Фотов, според критериумите дадени во Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 26, 2013 г.)**

| Вид на активност | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА (НО) ДЕЈНОСТ | | | |
| 1.Позитивно рецензиран универзитетски учебник | **8** | **15** | **120** |
| 2.Рецензент на учебник-скрипта<br>2.1.УБ бр.32/2009, ракопис Здравствено и социјално осигурување од проф. д-р Јован Пејковски<br>2.2.УБ бр.48/2010, Управување со организациски конфликти од Еленица Софијанова<br>2.3.УБ бр.48/2010, Неконтролирана конфликтност - во организациско однесување од Еленица Софијанова<br>2.4.УБ бр.66/2011, Девизен систем и девизно работење од Крсте Шајноски<br>2.5.УБ бр.66/2011, Монетарна економија од Крсте Шајноски<br>2.6.УБ бр.73/2012, Кредитна политика од Виолета Маџова<br>2.7.УБ бр.91/2012, Економска географија од Ристе Темјановски<br>2.8.УБ бр.104/2013, Меѓународни организации и интеграции од Митко Кочовски<br>2.9.УБ бр.112/2013, Улогата на јавниот долг во јавните финансии од Стеван Габер<br>2.10.УБ бр.114/2013, Ревизија (теоретски и практични аспекти) од Јанка Димитрова<br>2.11.УБ бр.114/2013, Современи тенденции во јавното здравство од Круме Николоски | **11** | **1** | **11** |
| 3.Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во период од 2007 до 2013 год. на прв циклус студии) | **Вкупно: 40** | **1** | **40** |
| 4.Предавања одржани на втор циклус студии | **Вкупно: 60** | **1** | **60** |
| 5.Ментор на докторска дисертација | **-** | **-** | **-** |
| 6.Ментор на магистерски труд (1. Одлука бр.1702-116/8 од 19.5.2011 г.; 2. Одлука бр.1702-173/4 од 10.8.2011 г.; 3. Одлука бр. 1702-173/3 од 10.8.2011 г.; 4. Одлука бр. 1702-263/7 од 27.9.2011 г.; 5. Одлука бр. 1702-105/42 од 13.2.2012 г.; 6. Одлука бр. 1702-105/44 од 13.2.2012 г.; 7. Одлука бр.1702-140/10 од 23.6.2012 г.; 8. Одлука бр.1702-206/7 од 21.8.2013 г.). | **8** | **3** | **24** |
| 4. Ментор на дипломска работа (7 максимум) | **7** | **1** | **7** |
| 5.Член на комисија за одбрана на докторска дисертација: Одлука бр.355-034 од 2.9.2009 г. на Факултетот за бизнис економија | **1** | **2** | 2 |
| 6.Член на комисија за одбрана на магистерски трудови<br>6.1. Одлука бр.1702-130/8 од 5.6.2013 г.<br>6.2. Одлука бр.1702-78/5 од 3.4.2013 г.<br>6.3. Одлука бр.1702-244/9 од 13.9.2013 г.<br>6.4. Одлука бр. 1702-78/4 од 3.4.2013 г.<br>6.5. Одлука бр. 1702-32/13 од 24.1.2013 г.<br>6.6. Одлука бр.1702-196/3 од 22.8.2012 г.<br>6.7. Одлука бр. 1702-326/5 од 21.12.2011 г. | **7** | **1** | **7** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. Член на комисија за одбрана на дипломска | 7 | 0,2 | 1,4 |
| 8. Рецензент на соработници и наставници<br>1. УБ бр.4/2007 за избор на наставник Весна Ангеличкова (член на рецензентска комисија)<br>2. УБ бр.12/2008 за избор на соработник Владимир Калајџиски - член<br>3. УБ бр.10/2008 за избор на соработник Гуле Гулев - член<br>4. УБ бр. 5/2008 за избор на насловен доцент Снежана Каракашева - член<br>5. УБ бр. 26/2009 за избор на наставник Александар Костадиновски - член<br>6. УБ бр.26/2009 за избор на соработник Љупчо Давчев и Зоран Темелков - претседател<br>7. УБ бр.26/2009 за избор на соработник Влатко Пачешкоски и Марина Радосавлевиќ - претседател<br>8. УБ бр.26/2009 за избор на соработник на ФТБЛ - Душко Јошески - член<br>9. УБ бр.25/2009 наставник Крсте Шајноски - претседател<br>10. УБ бр 24/2009 соработник Зоран Голубовски - претседател<br>11. УБ бр.20/2009 насловен доцент Силвана Пашоска -претседател<br>12. УБ бр.17/2009 соработник Костадинка Чабулева - член<br>13. УБ бр.16/2009 наставник на Земјоделски факултет Еленица Софијанова - претседател<br>14. УБ бр.47/2010 за насловен доцент Климентина Попоска -претседател<br>15. УБ бр.47/2010 за насловен доцент Вилета Маџова -претседател<br>16. УБ бр.45/2010 за доцент Оливера Трајковска-Ѓоргиева - претседател<br>17. УБ бр.42/2010 за насловен доцент Александра Синадиновска-Шумар - претседател<br>18. УБ бр.39/2010 за соработник Дарко Лазаров - член<br>19. УБ бр.39/2010 за соработник Стеван Габер - член<br>20. УБ бр.39/2010 за соработник Златко Бежовски - член<br>21. УБ бр.39/2010 за соработник Петар Клетниковски (Земјоделски факултет) - член<br>22. УБ бр.61/2011 за избор на наставник Ристе Темјановски - член<br>23. УБ бр.68/2011 за соработник Илија Груевски - член<br>24. УБ бр.72/2011 за насловно звање вонреден професор -член<br>25. УБ бр.76/2012 за избор на асистент Костадинка Чабулева - член<br>26. УБ бр.79/2012 за избор на вонреден проф. Круме Николоски - член<br>27. УБ бр.94/2012 за избор на доцент Весна Георгиева Свртинов - член<br>28. УБ бр.99/2013 за избор на доцент Стеван Габер - член<br>29. УБ бр.100/2013 за соработник асистент Емилија Митева - претседател | 29 | 1 | 29 |
| *ВКУПНО* | | | **301,4** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА (НИ) ДЕЈНОСТ | | | |
| 1.Монографија | 1 | 10 | 10 |
| 2. Прегледен труд (трудови од број 12-37) | 25 | 5 | 125 |
| 5. Учесник во научен проект, во земјава 2 и во странство 1 проект (2x2=4 и 1x3=3) – во земјава | 1 | 2 | 2 |
| 5. Рецензент на научен труд | | | |
| *ВКУПНО* | | | **137** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | | | |
| 1. Труд објавен во зборник | 4 | 2 | 8 |
| 2.Речник (Економско-финансиски лексикон) | 1 | 4 | 4 |
| 3. Декан | | 12 | 12 |
| 4. Член на Сенат | | | |
| | | | |
| | | *ВКУПНО* | **24** |
| | | В К У П Н О | **462,4** |